**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

# ИЗВЕШТАЈ
# за напредокот на активности за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 во 2021 година

***(Согласно член 30, став 3 од Секторскиот договор)***

**Осми состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020**

**мај 2021**

## СОДРЖИНА


I. ВОВЕД .......................................................................................... 3

II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ............................................................ 3

1. Организација (on-line или со физичко присуство) на ИПАРД инфо едукативни денови, форуми и работилници со промовирање на успешни примери------------------3
2. Доставување на директни информации ....................................................4
3. Појавувања во национални и локални медиуми ......................................... 5
4. Објава на листа на крајни корисници на средствата од ИПАРД Програмата 2014-2020 ........................................................................................ 5
5. Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014-2020, брошури и постери ................................. 6
6. Објава на аудио и видео спотови ........................................................... 7
7. Ажурирање на веб страницата на www.ipard.gov.mk ................................... 7

Прилог 1 Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2021 година ............................................................. 8
Прилог 2 Посетеност на ИПАРД интернет страницата ........................................ 9
Прилог 3 Медиумите за ИПАРД – Press Kliping ................................................ 10
Прилог 4 Листи на крајни корисници .............................................................. 15
Прилог 5 Видео спот за Мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси.......16

## I. ВОВЕД

Реализирани активности во врска публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 се предвидени во Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата за 2021 година. Глобалната пандемија на КОВИД-19 има големо влијание и на организирањето на настани и имплементацијата на планираните активности за овој период од 6 месеци. Активностите подолу наведени се спроведуваат во согласност со Годишниот план (Прилог 1) според протоколи или преку електронска комуникација и тоа планираните активности поодделно се однесуваат на:

- Организација (on-line или со физичко присуство) на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери;
- ИПАРД форуми (on-line или со физичко присуство) за поуспешно спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020;
- ИПАРД работилници (on-line или со физичко присуство) за изготвување на ИПАРД барања, најава на Јавните Повици;
- Појавувања/ прилози во пишани и електоронски медиуми;
- Објавување на листата на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020;
- Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства за корисници на ИПАРД Програмата 2014-2020;
- Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД Програмата 2014-2020
- Изработка и објава на аудио и видео спотови;
- Ажурирање на веб страница www.ipard.gov.mk

Институции кои имаат одговорност за спроведување на горенаведените активности и тоа соодветно со надлежностите и функциите кои ги извршуваат се: Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

## II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 1. Организација (on-line или со физичко присуство) на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери, ИПАРД форуми (on-line или со физичко присуство) за поуспешно спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020 и ИПАРД работилници (on-line или со физичко присуство) за изготвување на ИПАРД барања, најава на Јавните Повици

Во периодот од завршување на Договорот за спроведување на Кампања за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 на 21 ноември 2020 година до мај 2021 година инфо едукативни денови, форуми и работилници не се одржани со физичко присуство и истите се заменти со комуникација со потенцијалните корисници и сите заинтересирани странки преку електронска форма, преку телефонска комуникација и со директна средба на најмногу еден присутен/странка во просториите и вон просториите на институциите согласно здравствените протоколите за комуникација имплементирани во време на светска пандемија на КОВИД-19.

Во овој период нема активни јавни повици по мерките од ИПАРД 2014-2020 Програмата. На 30 Април 2021 година се објави "Предходна најава за објавување на

Јавен повик 01/2021 година за доставување на барања за користење на средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД Програмата 2014-2020)" во врска мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси. Најавата е објавена на интернет страницата на Телото за управување со ИПАРД на следниов линк:

ПРЕТХОДНА НАЈАВА за објавување на Јавен повик 01/2021 за доставување на барања за користење на средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД Програмата 2014-2020) - ИПАРД - (ipard.gov.mk)

Телото за управување со ИПАРД подготвува план за инфо денови, во форма која ќе ја дозволи тековната состојба со пандемијата, во врска најавениот Јавен повик, Активностите за информирање на потенцијалните корисници се започнати со доставување на информацијата за најавата на јавниот повик до Стопанските комори во РНМ, занаетчиските здруженија, асоцијации, портали, земјоделски задруги, мрежата за рурален развој, Национална федерација на фармери и други институции, по електронска пошта, со барање информацијата да биде десеминирана до нивните членови и/или објавена на нивните интернет страници со цел информирање на пошироката јавност и потенцијалните корисници на средства од мерката 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси, и поставување на прашања по електронски пат или телефонски повици.

Најавата за Јавниот повик 01/2021 може да се види на следниов линк на порталите
https://www.mkd.mk/makedonija/ekonomija/od-denes-teche-podgotvitelniot-rok-za-apliciranje-za-finansiska-poddrshka-preku
https://kanal5.com.mk/podgotvitelen-period-za-apliciranje-za-finansiska-poddrshka-preku-merkata-sedum-od-ipard-2/a472741
https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=410066
https://novatv.mk/podgotvitelen-period-za-aplitsirane-za-finansiska-poddrshka-preku-merkata-sedum-od-ipard-2/
http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

Одржувањето на инфо денови во периодот на траење на Јавниот повик 01/2021 година се планираат да се спроведе, доколку актуелната состојба со пандемијата го дозволи тоа со физичко присуство и/или преку online комуникација Инфо деновите се наменети за информирање на сите потенцијални барател за користење на средствата од ИПАРД Програмата 2014-2020.

## 2. Доставување на дирекни информации

Доставувањето на информации, преку телефон и електронска пошта, на потенцијалните корисници се врши во континуитет односно во повикувачкиот центар на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Во последните неколку месеци забележани се преку 243 повици Врз основа на член 12 став 3 од Имплементирачкиот договор помеѓу Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД за спроведување на ИПАРД Програмата, Агенцијата доставува месечни извештаи за промотивни активности на Агенцијата
Прашања кои беа поставени преку веб страницата на Агенцијата се во врска објавувањето на Јавни повици за мерките од ИПАРД Програмата. Некои од нив се: Кога ќе биде објавен Јавен повик?, Дали има тековни јавни повици и кога ќе има објавено нов јавен повик? Дали земјоделските задруги може да аплицираат по мерка

7, Како да се добие финансиска поддршка за набавка на механизација? Семејство кое сака да се посвети на земјоделството и чувањето пчели се интересира каде и како може да аплицира за мерките од ИПАРД и каде да најде формулар за апликација? и слично.
Прашањата кои ги поставуваат заинтересираните странки, по електронска пошта и на предходно организираните настаните од страна на Телото за управување со ИПАРД фондовите, се објавуваат на веб страниците на ТУ со ИПАРД фондовите и АФПЗРР. Повеќе информации може да се видат во делот на Најчесто поставувани прашања и одговори во врска ИПАРД 2014-2020 на линкот:
http://ipard.gov.mk/mk/cpp/

## 3. Појавувања во национални и локални медиуми

Појавувањата, соопштенијата и информации за ИПАРД 2 Програмата континуирано се објавуваат во медиумите. Во овој период имаме задоволителен број на појавувања, соопштенија за медиумите и интервјуа на национални и локални радио и телевизиски канали како дневни весници и интернет портали (преку 68 појавувања). Еден дел од соопштенијата се однесуваат на предходната најава на Јавниот повик 01/2021 во врска мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси. Соопштенијата и интервјуата може да се видат на следниве линкови:
https://www.mkd.mk/makedonija/ekonomija/bachovski-kje-se-odobrat-nad-350-baranja-za-moderniziranje-na-
https://vecer.mk/node/548434
https://www.biznisvesti.mk/so-9-2-milioni-evra-ke-se-poddrzhat-nad-350-proekti-za-modernizatsija-na-zemjodelski-stopanstva/
https://nezavisen.mk/se-pogolem-e-brojot-na-korisnici-na-sredstva-od-ipard-2-programata-vo-delchevsko/
https://www.brif.mk/bone-spasovski-od-vinichani-ako-ne-beshe-ipard-nikogash-nemashe-da-mozham-da-ja-kupam-ovaa-mehanizatsija-shto-ja-imam-sega/
https://www.slobodenpecat.mk/ipard2-programa-nad-40-zemjodelczi-od-veleshko-dobija-sredstva-za-prikluchna-mehanizaczija/
https://opserver.mk/makedonija/opstini/dogovori-za-nabavka-na-prikluchna-zemjodelska-mehanizacija-na-sedum-mladi-zemjodelci-vo-resen/
http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp
https://makpress.mk/Home/PostDetails?PostId=410066
и други медиуми.
Во прилог 3 прикажан е дел од материјалот кој се однесува на Медиумите за ИПАРД– Press Kliping. Поради големината на прес клипингот даден е дел од материјалот.

## 4. Објава на листа на крајни корисници на средствата од ИПАРД Програмата 2014-2020

Предвидената активност согласно акциониот план за комуникација и публицитет за 2021 година за објава на листа на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 е спроведена од страна на АФПЗРР како одговорно тело за реализација на оваа активност. Листата на крајните корисници е квартална и е објавена на веб страницата на Агенцијата (Прилог 4) на следниов линк http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

Објавени листи за исплати реализирани во последниот квартал на 2020 и првиот квартал од 2021 година се: ( со клик на excel документот се отвара листата на исплатени средства)

**Реализирани исплати на средства од ИПАРД II Програмата за период 01.01.2021 до 05.04.2021**
[ мк]

**Реализирани исплати на средства од ИПАРД II Програмата за период 30.09.2020 до 31.12.2020**
[ мк]

## 5. Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства, Упатства, брошури и постери посветени на ИПАРД Програма 2014 – 2020

Во рамките на Публицитетот на ИПАРД Програмата превземени се активности односно за печатење и дистрибуција на Барања за користење на средствата за мерка 7, Упатства за корисници, Брошури на македонски и албански јазик, додека останатите три Упатства за прибирање на понуди, технички предлог проект и изработка на деловен план веќе се испечатени и спремни за дистрибуција. Трошоците за печатење на материјалите ќе ги покрие Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бидејќи во моментов немаме Договор за публицитет на ИПАРД 2014-2020 според ПРАГ процедурите. Со Кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата изработени се и испечатени материјали за сите три мерки. Овие материјали кои се останати од предходната кампањата за публицитет ќе бидат користени за информирање и аплицирање на сите заинтересирани странки во предстојниот Јавниот повик 01/2021 за диверзификација на фарми и развој на бизниси. Конечната верзија на Упатствата и Барањето за користење на средствата ќе биде објавена на интернет страницата на Телото за управување со ИПАРД www.ipard.gov.mk

Покрај стандардните Упатства, Телото за управување со ИПАРД во соработка со други институции подготви Упатства со кои се поедноставуваат постапките за користење на средствата од ИПАРД. Овие Упатства се наоѓаат на интернет страницата на Телото за управување и за истите се информирани и засегнатите институции.
Упатството за постапка за изградба на објекти на земјоделско земјиште беше изработено од Телото за управување со ИПАРД и Секторот за управување на земјоделското земјиште земјишна политика при Министерството за земјоделство, шумарство и водосотопанство и достапно е да се види на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2019/12/Упатство-за-постапка-за-изградба-на-објекти-на-земјоделско-земјиште.pdf

Изработени се уште две дополнителни упатства во врска постапка за издавање на документи за оценка на влијанието на проектите врз животната средина и постапка за добивање на Мислење/Дозвола за наводнување на земјоделско земјиште во подрачја каде не постојат системи за наводнување. Упатствата се објавени на веб страницата на Телото за управување на ИПАРД и доставени до другите институции инволвирани во аплицирањето за користење на средствата од ИПАРД Програмскиот период 2014-2020 и тоа на следниве линкови:
https://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/телото-за-управување-со-ипард-објави-у/

https://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/изготвено-е-упатство-за-постапка-за-доб/

## 6. Изработка и објава на аудио и видео спотови

Во рамките на предходната Кампањата за Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 година беа изготвени три видео спотови кои се однесуваа на три акредитирани мерки и тоа 1, 3 и 7. Видео спотовите се поставени на интернет страницата на Телото за упоравување со ИПАРД и истите се доставени до релевантни институции и медиуми за нивно прикажување и рекламирање. Видео спотот за мерката 7-Диверзификација на фарми и развој на бизниси се изготви во соработка со два успешни проекти од ИПАРД Програмата, и тоа: фабрика за производство на козметички препарати Галениус ДОО Визбегово и Кораб Трница - сместувачки капацитет во Трница.
Спотовите за сите мерки се поставени на интернет страницата на Телото за управување со ИПАРД (во Прилог 5 на извештајот се прикажани слики од спотот за мерката 7) на македонски јазик и воедно со англиски превод на англиската верзија на веб страницата:
http://ipard.gov.mk/mk/pocetna/

## 7. Ажурирање на веб страницата www.ipard.gov.mk

Надградба и одржување на интернет страницата на ИПАРД (www.ipard.gov.mk) се реализираше континуирано во тек на 2021 година. На интернет страницата се поставени новите Упатства (споменати погоре во Извештајот), потоа Извештајот за Екс пост Евалуацијата на ИПАРД 2007-2013, достапен на следниов линк: https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2021/01/Финален-извештај_Екс-пост-евалуација-на-ИПАРД-2007-2013.pdf )
и Финалниот извештај за Публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020, кој е достапен на следниов линк:
https://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2021/02/Финален-извештај-за-Публицитет-на-ИПАРД-2014-2020-Програмата.pdf

Во периодот од ноември 2020 година до мај 2021 година страницата покажува добра статистика на посетеност и истата е прикажана во Прилог 2, и тоа:

- Корисници на веб страницата 11.345,
- Нови корисници 10.924,
- Вкупно прегледи на страницата 48.889.

Интернет страницата ја посетиле повеќе лица од различни земји во светот, и тоа изразено во проценти е следново: од вкупните посети на веб страницата 89 % се регистрирани од Северна Македонија, Соединетите Американски Држави учествуваат со 2,19%, посети се регистрирани и од Кина Германија, Србија, Грција, Албанија, Бугарија, Индонезија, Швајцарија и други. Од графичкиот приказ прикажан во прилогот 2 може да се види дека периодот кога расте посетеноста на страницата е периодот по објавувањето на најавата за јавниот повик 01/2021. Интернет страницата редовно се ажурира со информации, соопштенија и новости кои се однесуваат на активности за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 и може да се видат на http://ipard.gov.mk/mk/pocetna/

### *Прилог 1 - Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД 2014-2020 за 2021 година*

| **Активност** | **Одговорност** | **Цели за реализација** | **Распоред за 2021** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| Организација на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери (on-line или физичкоприсуство) | ТУ ИПАРД | 30 | | | | | | | | | | | | |
| ИПАРД форум за поуспешно спроведувањето на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД | 1 | | | | | | | | | | | | |
| ИПАРД работилници за изготвување на ИПАРД барања и најава на Јавни Повици | ТУ ИПАРД и АПРЗ | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Појавувања/ прилози во пишани и елекоронски медиуми | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 200 | | | | | | | | | | | | |
| Објавување на листата на крајни корисници | АФПЗРР | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 500 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 500 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и објава на книга-илустрирана едиција за успешни примери на ИПАРД проекти за програмскиот период ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ со ИПАРД | 1000 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и објава на аудио и видео спотови | ТУ со ИПАРД | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Ажурирање на веб страница ipard.gov.mk | ТУ со ИПАРД | 1 | | | | | | | | | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | подготвителни активнсоти | | дистрибуција/ реализација на активностите |

### Прилог 2 Посетеност на ИПАРД интернет-страницата




| | Country | Users | % Users |
|---|---|---|---|
| 1. | North Macedonia | 10,165 | 89.27% |
| 2. | United States | 249 | 2.19% |
| 3. | China | 108 | 0.95% |
| 4. | Germany | 89 | 0.78% |
| 5. | Italy | 68 | 0.60% |
| 6. | Indonesia | 61 | 0.54% |
| 7. | Serbia | 57 | 0.50% |
| 8. | Bulgaria | 50 | 0.44% |
| 9. | Ireland | 44 | 0.39% |
| 10. | Switzerland | 43 | 0.38% |

© 2021 Google

***Прилог 3 Медиумите за ИПАРД- Press Kliping***



Бизнис Вести

Со 9,2 милиони евра ќе се поддржат над 350 проекти за модернизација на земјоделски стопанства



НЕЗАВИСЕН

Се поголем е бројот на корисници на средства од ИПАРД 2 програмата во Делчевско


СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.МК
КАДЕ И ДА СИ!
СЛОБОДЕН ПЕЧАТ
ТИ СИ НА РЕД!
100% ЗАКОНСКИ


ОПСЕРВЕР
Договори за набавка на приклучна земјоделска механизација на седум млади земјоделци во Ресен
ПРОВЕРИ СЕ НА
VISA GOLD картичка


АФПЗРР
МКД
СЕРТИФИКАТ
е-барање
ВЛАДА


MP MakPress
ПОДГОТВИТЕЛЕН ПЕРИОД ЗА АПЛИЦИРАЊЕ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ПРЕКУ МЕРКАТА СЕДУМ ОД ИПАРД 2
sport life
ВКЛУЧИ СЕ И ИГРАЈ!
appetite&weight control
МИА

***Прилог 4 Листи на крајни корисници***



***Прилог 5 Видео спот за Мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси***




